Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија врз основа на член 22 став 1 точка 16 (Службен весник на Република Македонија бр.16/11, 136/11, 79/13, 164/13, 41/14, 151/14, 33/15, 192/15, 215/15, 6/16, 53/16 и 189/16) и член 50 став 1 алинеја 1 и член 51 од Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности (Службен весник на Република Македонија бр.143/11, 78/13, 33/15 и 207/16), постапувајќи по Барањето за престанување на лиценца за вршење на енергетска дејност трговија на големо со сурова нафта, нафтени деривати, биогорива и горива за транспорт - трговија на големо со Еуродизел БС (Д-Е V), УП1 бр. 11-215/14 од 04.04.2018 година, на Друштвото за производство, трговија и услуги ЕУРО АКТИВА ДОО експорт-импорт Скопје, на седницата одржана на 18.04.2018 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ОДЗЕМАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ ТРГОВИЈА НА ГОЛЕМО СО СУРОВА НАФТА, НАФТЕНИ ДЕРИВАТИ, БИОГОРИВА И ГОРИВА ЗА ТРАНСПОРТ - ТРГОВИЈА НА ГОЛЕМО СО ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V)**

1. Лиценцата за вршење на енергетска дејност трговија на големо со сурова нафта, нафтени деривати, биогорива и горива за транспорт - трговија на големо со Еуродизел БС (Д-Е V) на Друштвото за производство, трговија и услуги ЕУРО АКТИВА ДОО експорт-импорт Скопје со евидентен број НД - 51.03.1/15 издадена од Регулаторната комисија за енергетика со Одлука УП1 Бр. 11-215/14 од 21.05.2015 година (Службен весник на Република Македонија бр.84/15), ПРЕСТАНУВА, по барање на носителот.

2. Жалбата изјавена против оваа Одлука не го одлага нејзиното извршување.

3. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен весник на Република Македонија”.

О б р а з л о ж е н и е

Друштвото за производство, трговија и услуги ЕУРО АКТИВА ДОО експорт-импорт Скопје до Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, поднесе барање УП1 бр. 11-215/14 од 04.04.2018 година за престанување на лиценцата за вршење на енергетска дејност трговија на големо со сурова нафта, нафтени деривати, биогорива и горива за транспорт - трговија на големо со Еуродизел БС (Д-Е V), со евидентен број НД - 51.03.1/15 издадена од Регулаторната комисија за енергетика со Одлука УП1 Бр. 11-215/14 од 21.05.2015 година (Службен весник на Република Македонија бр.84/15).

Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија согласно член 22 став 1 точка 16 од Законот за енергетика и член 50 став 1 алинеја 1 и член 51 од Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности, постапувајќи по барањето на Друштвото за производство, трговија и услуги ЕУРО АКТИВА ДОО експорт-импорт Скопје одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа Одлука може да се поднесе жалба до Комисијата за решавање на жалби од областа на енергетиката, во рок од 15 дена од денот на приемот.

**УП1 бр. 11-215/14**
**18.04.2018 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Димитар Петров**